# РЕЦИДИВИРАЧКА ЦЕНТРАЛНА СЕРОЗНА ХОРИОРЕТИНОПАТИЈА

*(Приказ на случај)*

*J. Нивичка Ќаева, Н. Трпевска Шекеринов, В. Димовска Јорданова, М. Арсовска Голубовиќ, В. Челева Марковска*
ЈЗУ Клиника за очни болести - Скопје, Р. Македонија

**Резиме**

***Вовед:*** *Централна серозна хориоретинопатија претставува заболување кај кое доаѓа до акумулација на течност под невросензорна ретина како резултат на пропуштање од хориокапиларните садови на ниво на ретиналниот пигментен епител. Најчесто се јавува кај машката популација на возраст од 20 - 45 години.*

***Цел:*** *Приказ на рецидивна форма на CSR во првата година, по комплетна ресорпција на примарната епизода.*

***Материјали и методи:*** *Испитување на некоригирана видна острина (UCVA), тонометија, биомикроскопија на дилатирана зеница со помош на 78 Dsph лупа, оптичка кохерентна томографија (ОКТ) на задниот сегмент.*

***Приказ на случај:*** *Се работи за 45-годишно машко лице В. Ѓ. кој се јавува на преглед поради чувство на заматување на видот на левото око. Утврдена е некоригирана видна острина на двете очи Vou: 1,0 sc, направен е преглед на биомикроскоп во мидријатична зеница со лупа и оптичка кохерентна томографија на задниот сегмент, со што се утврди присуство на течност и серозна аблација на ниво на RPE.*

*Кај пациентот е ординирана ресорптивна терапија со понтамошно следење. Два месеца подоцна, во клиничкиот наод дојде до комплетна ресорпција и налегнување на ретината, што беше потврдено со контролна ОКТ. По три месеци пациентот повторно се јавува на преглед со симптом на метаморфопсија на истото око. При преглед е утврдена епизода на рецидивна CSR, со Vod:1,0 sc, Vos:0,66 sc. По оваа епизода, кај пациентот е ординирана системска терапија со препарат од групата на инхибитори на карбон анхидраза, со изведување на периодична контролна ОКТ.*

***Заклучок:*** *Кај пациентите со централна серозна хориоретинопатија, клучно е следењето на состојбата, не само преку клинички преглед туку и егзактна евалуација со периодично изведување на компаративна оптичка кохерентна томографија. Самото заболување има најчесто самоограничувачки карактер, со тенденција за спонтана ресорпција во просечен период од 3 - 4 - 6 месеци. Сепак, потврдено е дека кај околу една третина од пациентите се јавува рецидив во првата година од манифестацијата на болеста.*

***Клучни зборови:*** *Централна серозна хориоретинопатија, оптичка кохерентна томографија, рецидив*